РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-2519/1
04-04-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк МАВРОВО
Бр. 03-313/1
04.04. 2023 год.
Маврови Анови

Македонско еколошко друштво
Бр. 01-117/23
04.04. 2023 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО

GLOBAL CONSERVATION

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Свесни за богатиот биодиверзитет и разновидните климатски, топографски и геолошки карактеристики, постојаното зголемување на националните потреби на крстопатот на интензивниот економски развој и експлоатацијата на природните вредности во Националниот парк Маврово, со неопходна заложба за утврдување на рамка за заедничка соработка за планирање, организирање и спроведување на работи и активности од заеднички интерес.

Земајќи ги предвид националните и меѓународни акти од областа на заштита на природата:

1. Националната и меѓународна легислатива за заштита на природа.
2. Сите меѓународни и национални стандарди за зачувување на природата и заштитените подрачја, вклучувајќи ги и заштитените подрачја за Светско наследство, како и вклученост на IUCN ECARO во целиот процес како набљудувач.
3. Номинацијата за Длабока Река во НП Маврово од Република Северна Македонија на Листата на светското наследство на УНЕСКО „Букови прашуми (столетни шуми) на Карпатите и другите региони на Европа“.
4. Постоечка и донесена измена и дополна на урбанистичко планска документација на подрачјето на НП Маврово, како и за други инфраструктурни проекти кој можат директно да влијаат врз пределската и биолошка разновидност.
5. Национални црвени листи и Нацрт национални референтни листи за живеалишта, растенија и животни вклучени на Директивата на ЕУ за живеалишта и птици, вклучени во Директивата на ЕУ за птици, присутни на територијата на НП Маврово.
6. Досието за НП Маврово како Емералд подрачје според Бернската конвенција и како иднто Натура 2000 подрачје според Директивите на ЕУ за живеалишта и птици.
7. Отворениот случај од Бернската Конвенција при Совет на Европа бр. 2013/1 за Северна Македонија: Развој на хидроенергетски објекти на територијата на НП Маврово и донесените препораки од Постојниот поткомитет на Бернската Конвенција.
8. Еколошкиот коридор: Буковиќ (Сретково) и Буковиќ (Колари), како продолжение на прекуграничниот еколошки коридор Маврово (МК) – Кораб Коритник (АЛ) – планина Мунела (АЛ), утврдени еколошкиот коридор на движење на крупни ѕверови.
9. Меморандум за прекугранично подрачје помеѓу Северна Македонија, Албанија и Косово потпишан на 10.12.2022 година од тројцата министри.

Свесни за одговорноста да осигурат безбедност на животната средина и природата за сегашните и идните генерации и заради овозможување на комуникацијата во насока на размена на податоци и релевантни информации, нивно обединување и планирање при заемни активности од компатибилен формат, соработка, тимска работа, Страните го склучија следниот:

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Во Скопје, на 04.04. 2023 година склучен помеѓу:

- Министерство за животна средина и просторно планирање, претставувано од страна на Каја Шукова, министер
- Јавна установа Национален парк Маврово, претставувано од м-р Самир Ајдини, Директор
- Глобална Конзервација претставувано од Мустафа Генен, директор за Европа и Азија
- Македонско еколошко друштво Скопје, претставувано од страна на д-р Славчо Христовски, претседател

**Предмет на меморандумот**

**Член 1**

(1) Предмет на овој меморандум е воспоставување на соработка помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Јавна Установа Национален Парк Маврово, Глобална конзервација и Македонско еколошко друштво Скопје, со цел поддршка за изработка на ревизија/дополна на Студијата за ревалоризација на НП Маврово како и изработка на Нацрт-План за управување со НП Маврово.

(2) Координатор на целата активност кој е предмет на овој меморандум е Министерство за животна средина и просторно планирање, а краен корисник на резултатите е Јавна Установа Национален парк Маврово.

(3) Соработката од став (1) на овој член се остварува во согласност со актите на страните потписнички.

**Цели**

**Член 2**

(1) Основната генерална цел на Меморандумот е обезбедување заштита и зачувување на природното наследство на НП Маврово и обезбедување унапредување на управувањето со паркот.

(2) За таа цел соработката на страните утврдена со членот 1 на овој Меморандум, особено се однесува на следните активности:

- Ревизија/дополна на Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово (2011) согласно член 92 став (5) од Законот за заштита на природата и Правилникот за содржината на Студија за валоризацијата или ревалоризацијата за заштитеното подрачје („Службен весник“ бр. 26/12)
- Ревизија на Каталогот (Листата) на видови регистрирани на територијата на НП Маврово;
- Изработка на Нацрт-План за управување со НП Маврово согласно член 98 став (2) од Законот за заштита на природата и Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата („Службен весник“ бр. 26/12).

**Начин на реализирање на соработката**

**Член 3**

(1) Заради ефикасно спроведување на предметот и целите на овој меморандум соработката од член 2 на овој Меморандум, ќе се остварува врз основа поделба на активности кои треба да се реализираат за ревизија/дополнување на Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Национален парк Маврово како и изработка на Нацрт- План за управување со Национален парк Маврово.

(2) Министерството за животна средина и просторно планирање со сопствен буџет во висина од 4.000.000,00 денари е одговорно за изработка на усогласена ревидирана/дополнета Студија за ревалоризација на НП Маврово со предлог-надворешни граници и предлог зони со граници, врз основа на тековната состојба со природното наследство и изготвените нови тематски извешати за природно наследство на НП Маврово вклучувајќи го процесот на консултации со сите релевантни чинители. Оваа активност треба да започне во 31 август 2023 година и да заврши на 30 Април 2024 година.
МЖСПП ја следи изработката на новите тематски извештаи за тековната состојбата со природното наследство и програмите и подпрограмите од Нацрт-Планот за управување со НП Маврово во соработка со ЈУ НП Маврово.

(3) Македонско еколошко друштво (МЕД) од сопствен буџет од 5.535.000,00 денари е одговорно да изработи нови тематски извештаи за тековната состојбата со природното наследство (биолошката разновидност, елементите на геодиверзитетот, живеалиштата, хидрологија, пределите и друго) во НП Маврово, врз основа на постоечки податоци и теренски истражувања. Оваа активност треба да започне од датумот на потпишување на овој Меморандум за соработка и да заврши на 31 октомври 2023 година.

(4) МЕД е одговорно да ги идентификува празнините во податоците за живеалиштата, видовите и елементите на геодиверзитетот во НП Маврово и да изработи табела со временска рамка за спроведување на теренски истражувања.
МЕД треба да ги изготви тематските извештаи земјаќи ги во предвид резултатите од сите реализирани проекти за заштита на природата со ГИС податоци и леери за биолошката разновидност, кои се поврзани со НП Маврово.
МЕД треба да направи ревизија на Каталогот (Листата) на видови регистрирани на територијата на заштитеното Подрачје НП Маврово. Оваа активност треба да започне од датумот на потпишување на овој Меморандум за соработка и да заврши на 31 октомври 2023 година.

(5) Глобална Конзервација со буџет во висина од 6.000.000,00 денари е одговорно за изработка на нова Студија за социо-економските аспекти на НП Маврово.

(6) Глобална конзервација е одговорна за изработка на Нацрт-план за управување со НП Маврово и за спроведување на консултации во врска со планот во координација со Министерството за животна средина и просторно планирање и Јавната установа НП Маврово.
Студијата за социо-економските аспекти на НП Маврово треба да започне од датумот на потпишување на овој Меморандум за соработка и да заврши на 1 октомври 2023 година, а Нацрт-планот за управување со НП Маврово треба да започне од 1 октомври 2023 година и да заврши на 30 Април 2024 година.

(7) Јавната установа НП Маврово со својот расположлив капацитет ќе ја обезбеди целосната техничка и стручна поддршка за изработка на новите тематски извештаи за тековната состојбата со природното наследство, ревидираната/дополнетата Студија за ревалоризација на НП Маврово и Нацрт-Планот за управување со НП Маврово.

**Взаемни обврски**

**Член 4**

(1) Со цел обезбедување на континуирана соработка и координација страните потписници на Меморандумот до МЖСПП ќе номинираат по едно лице за контакт, во рок од 10 денови по потпишување на меморандумот.
(2) Страните потписнички на Меморандумот треба да работат на транспарентен начин со организирање состаноци, обуки, работилници, семинари за заедничко разбирање на процесот за промовирање на активностите од член 1, и треба да започне од датумот на потпишување на овој Меморандум за соработка.
(3) Процесот на консултации со јавноста на ревидираната/дополнета Студија за ревалоризација на НП Маврово и Нацрт-планот за управување со НП Маврово ќе го води Јавната установа НП Маврово во соработка со МЖСПП. Глобална конзервација и Македонското еколошко друштво ќе и помогнат на Јавната установа НП Маврово за да организира состаноци со засегнатите страни или ќе се вклучат доколку е потребно со експертско мислење.
(4) Јавната комуникација треба да се фокусира на локалното население, државната и локалната администрација, вклучително и жалителот за отворениот случај на Бернската конвенција за хидропроекти во НП Маврово.
(5) Ќе организираат најмалку 4 (четири) јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на конечниот нацрт на ревидирана/дополнета Студија и Нацрт-планот за управување за да ќе земат предвид конструктивните коментари во процесот на нивното финализирање. Сите јавни консултативни состаноци и дискусии треба да бидат документирани (извештаи од состаноците, фотографии, итн.).

**Член 5**

(1) Министерството за животна средина и просторно планирање, ЈУ НП Маврово, Глобална конзервација и МЕД, заради обезбедување напредок на активностите, одржува редовна комуникација најмалку еднаш месечно, со цел размена на податоци и релевантни информации во компатибилен формат.
(2) Сите произведени материјали треба да го содржат соодветниот визуелен идентитет на Министерството за животна средина и просторно планирање, ЈУ НП Маврово, Глобална конзервација, Македонско еколошко друштво, на поддржаниот документ од страна изготвувачот.

**Дополнувања и прекин**

**Член 6**

(1) Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на заемно утврдените цели и преземени обврски. Измената на одредбите на овој Меморандум се врши единствено со писмена согласност на сите потписници.

**Член 7**

(1) Невозможноста за реализација на одредбите поради индивидуални специфики на страните на кои се однесуваат дел од одредбите на овој Меморандум, немаат правни последици врз страните потписнички.

**Важност на Меморандумот**
**Член 8**

(1) Овој Меморандум влегува во сила на денот на потпишувањето од страна на сите потписници и е во важност од 1 (една) година, и истиот може да се продолжи.
(2) Овој Меморандум е составен во 8 (осум) примероци, (4 верзии на македонски јазик и 4 верзии на англиски јазик) по две за сите страни потписнички

Страни потписнички на овој меморандум се:

| Министерство за животна средина и просторно планирање | Јавна Установа Национален парк Маврово, | Глобална Конзервација | Македонско еколошко друштво |
|---|---|---|---|
| Каја Шукова<br>Министер | м-р Самир Ајдини<br>Директор | Mustafa Gönen<br>Директор за Европа и Азија | Д-р Славчо Хрисовски<br>Претседател |